**ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Час:** 7
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 7 - онлајн живеење
**Наставна содржина:** Звучни/видео - содржини на Интернет
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да се оспособи за пронаоѓање и преслушување на звучни и видео содржини на Интернет
**Очекувани резултати:** Пронаоѓа и следи звучни и видео содржини на Интернет
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка, индивидуална и работа во парови
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутер, LCD проектор
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, пронаоѓа веб - содржина

**ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Воведна активност:** Поведувам дискусија – Какви содржини пренесуваат радиото или телевизијата до луѓето? (звучни содржини – музика и видео содржини – филмови). Исто како радиото и телевизијата, Интернет нуди можност да се следат звучни и видео содржини. На овој час ги ќе повториме и прошириме знаењата поврзани со следење на звучни и видео записи на Интернет.
**Учечко – поучувачки активности:** Минатата година изучувавме дека веб – страните, освен текст и слики, може да содржат и звучни / видео записи. Звучните записи не треба да ги изедначуваме само со музика, туку и како се изговара некој збор, како звучи некој музички инструмент и слично. Видео запис, пак, не е само филм или музички спот, туку и било кој друг видео – запис (на пример видео запис снимен со камера или смартфон).
Ако веб – страната се состои од текст и слики, ќе препознаеме дека има и звучен запис ако има иконче



, 

, 
, 
 или слично на ова. Звучниот запис ќе го активираме со клик врз оваа икона.

ВЕБ – СТРАНИ СО ЗВУЧНИ СОДРЖИНИ
Најчест вид на звучен запис е т.н. Интернет радио. Во наредните години ќе учиме дека еден начин на слушање Интернет радио е со користење на програма која се нарекува „медијаплеер“, но ние засега ќе се задржиме само на начините за преслушување на звучниот запис само со користење на веб – прелистувач. За да пронајдеме и отвориме веб – страни со Интернет радио:

- го отвораме веб – прелистувачот;
- ја внесуваме Интернет адресата на веб – пребарувачот;
- во соодветното поле, го внесуваме клучниот збор;
- со клик на хиперлинкот ја отвораме страната;
- проверуваме дали звучниците/слушалките ни се вклучени;
- со клик на иконочето, ја отвораме радио – станицата.

ВЕБ – СТРАНИ СО ВИДЕО СОДРЖИНИ
Прилично лесно може да препознаеме видео – запис во веб – страна. Таа има прозорец со видео – записот, а долниот лев дел од него изгледа како на сликата:




На овој начин ќе дојдеме до видео – запис што нè интересира (во нашиот пример, видео – клипче со некоја песна од Тоше Проески):

obrazovanie.literatura.mk

– го отвораме веб – прелистувачот,
– ја внесуваме Интернет адресата на веб – пребарувачот, (во нашиот пример, користиме Google),
– во соодветното поле, го внесуваме клучниот збор (на пример „тоше проески“...)
– кликаме на јазичето „Видеа“ за да ги прикаже само видео содржините поврзани со внесениот клучен збор,
– проверуваме дали звучниците/слушалките ни се вклучени,
– со клик на хиперлинкот го отвораме видео записот,
– ја следиме видео – содржината.




Веб – страната YouTube нуди и некои други можности, на пример
– можете да поставите видео што сами ќе го снимите,
– може да следите видео „во живо“ (live video)
– може да следите видео со т.н. приказ од 360°.

АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ – На претходно опишаните начини:
– пронаоѓаат и следат неколку Интернет радио станици,
– пронаоѓаат и следат неколку видео содржини по нивен избор.

**Активности за евалуација:** Поведувам дискусија - како можеме да го искористиме Интернет за да следиме звучни и видео содржини.

obrazovanie.literatura.mk